Република Северна Македонија

**Министерство за финансии**

Управа за финансиско разузнавање

Број. 04 - 47/42(19)
Дата: 24/09/2019, Скопје

Врз основа на член 77 став 10 од Законот за спречување перење пари и финансирање на тероризам ( "Службен весник на РМ " бр. 120/18 ), а во врска со јавниот оглас за вработување на финансиски разузнавачи бр.04-47/32 (19), директорот на Управата за финансиско разузнавање донесе:

**О Д Л У К А**

***за избор на 1 (еден) извршител - за работно место самостоен разузнавач-финансиски разузнавач за прекршочни санкции***

1. За извршител на работно место самостоен разузнавач-финансиски разузнавач за прекршочни санкции во Одделението за надзор, во Секторот за надзор, регулатива и меѓународна соработка во Управата за финансиско разузнавање се избира кандидатот Феми Рашити.
2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од точка 1 по конечноста на оваа Одлука, за што ќе се донесе посебно Решение за вработување.
3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

***О б р а з л о ж е н и е***

Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнвач формирана со Решение на директорот на Управата за финансиско разузнавање бр.04-47/36 (19) од 05.09.2019 година во функција на спроведување на постапка за вработување на финансиски разузнавач за извршување на работите од точка 1 од оваа Одлука, а по огласот за вработување на финансиски разузнавач 04-47/32 (19) објавен во дневните весници "Слободен печат" "Независен" и "Коха" спроведе постапка за административна селекција, писмен испит и интервју за наведеното работно место.

Врз основа на записникот бр.04-47/40 (19) од спроведеното интервју, како последна фаза од постапката за вработување, изготвен од страна на комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач, комисијата изготви ранг листа од тројца кандидати која ја достави до директорот на Управата за финансиско разузнавање, на негов конечен избор.

Кандидатот Феми Рашити освои освои вкупно 110 поени, од кои 87 поени освоени на писмениот испит и 23 поени освоени на интервјуто и беше второрангиран кандидат на изготвената ранг листа доставена до директорот на Управата.


Министерство за финансии на
Република Северна Македонија
Управа за финансиско разузнавање

Плоштад „Пресвета Богородица" бр.
3, 6ти кат, Скопје

+389 2 3297 540
www.ufr.gov.mk

Врз основа на изготвениот записник и доставената ранг листа од страна на Комисијата за селекција за вработување на финансиски разузнавач во Управата за финансиско разузнавање, директорот на Управата за финансиско разузнавање го повика лицето Феми Рашити на интервју.
По спроведеното интервју од страна на директорот, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.
По завршувањето на постапката за избор Директорот на Управата за финансиско разузнавање ќе донесе решение за вработување.

ПРАВНА ПОУКА: Против Одлуката, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од осум (8) дена од денот на објавувањето на Одлуката на веб страницата на Управата за финансиско разузнавање.

ДИРЕКТОР
Блажо Трендафилов


Министерство за финансии на Република Северна Македонија Управа за финансиско разузнавање
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, 6ти кат, Скопје
+389 2 3297 540
www.ufr.gov.mk